СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА
меѓу
Постојаниот избран суд-Арбитража
при Стопанската комора на Македонија
и
Меѓународниот трговски арбитражен суд
на Украинската трговско-индустриска комора

Убедени дека употребата на трговската арбитража низ фер, ефтини и брзи процедура води кон доверба и стабилност во трговијата, меѓу Македонија и Украина, Постојаниот избран суд-Арбитражата при Стопанската комора на Македонија и Меѓународниот арбитражен суд при Украинската трговско-индустриска комора, се согласија како што следува:

1. Горенаведените арбитражи ќе соработуваат во популаризацијата на арбитражата како средство за решавање на споровите во меѓународните трговски зделки.

2. Арбитражите ќе промовираат поширока употреба на арбитражата од нивна страна надзор и ќе им препорачуваат на фирмите вклучени во македонско-украинската трговија, како изборна клаузула, вклучување во спогодбите на следната одредба:

"Сите спорови, контроверзи или разлики што може да се појават меѓу странките, кои се однесуваат на или се во врска со оваа спогодба конечно ќе се решаваат со арбитража. Местото на арбитражата ќе биде државата во која барателот има свое деловно седиште. Во случај барателот да е македонско физичко или правно лице, арбитража врши Постојаниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Македонија и според нејзините арбитражни правила. Во случај барателот да е украинско физичко или правно лице, арбитража врши Меѓународниот трговски арбитражен суд на Украинската трговско-индустриска комора, според нејзините правила. Пресудата што ќе се донесе ќе биде конечна и обврзувачка за двете странки.

Евентуално контра-барање на одбраната ќе се поднесува до истата арбитража, како барање на барателот".

3. Арбитражите ќе обезбедат една на друга, на барање, простории или административни услуги за преземање било каков чекор во арбитражната постапка. Трошоците што ќе настанат ќе бидат на товар на институцијата што бара услуги.

4. Арбитражите ќе разменуваат информации и публикации што се од заеднички инстерес во областа на трговската арбитража.

5. Оваа спогодба е направена на македонски и англиски јазик (по два примерока од двата јазика) сите примероци се еднакво автентични и стануваат ефективни со денот на потпишувањето.

Како сведоштво на тоа, овластените претставници на наведените арбитражи ставија свои потписи на оваа спогодба.

За и во името на Постојаниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Македонија

Проф.Др.Александар Николовски
претседател

За и во името на Меѓународниот трговски арбитражен суд при Украинската трговско-индустриска комора

Проф.Др,Игор Г.Побирченко
претседател